Општина Валандово
Република Северна Македонија

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 09-591/29
11.11.2021 год.
Валандово

# ИНФОРМАЦИЈА

## ЗА ПРОЦЕСОТ НА ФОРИРАЊЕ НА

# ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ

## НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

Валандово, ноември 2021

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

Ул.„Иво Лола Рибар“ бб, 2460 Валандово
Тел. +389 (0)34/382-044
www.valandovo.gov.mk

**1. Вовед**

Согласно Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр.10.2020 од 16.10.2020 година), а со тоа и согласно Статутот на Општина Валандово, се наметна потребата и обврската од формирање на Локален младински совет во Општина Валандово.

Целта на реализирање на оваа потреба и обврска е инволвирање на младите во јавниот живот на Општина Валандово. Тоа подразбира заедничка соработка помеѓу Општина Валандово, младите и формите на здружување кои работат во делокругот на младинските интереси, во насока на:

- креирање и спроведување на политика на млади на сите нивоа преку повеќе секторски пристап, поаѓајќи од потребите и интересите на младите;
- зајакнување на учеството на младите во процесите на креирање на политики за млади, активно информирање, промоција и заштита на интересите на младите, како и зајакнување на свеста за важноста на младите и нивната општествена улога;
- промовирање меѓугенерациско партнерство за поддршка на учество на младите во процесот на донесување на одлуки и политики;
- поддршка и унапредување на младинското организирање;
- поттикнување на структурен дијалог на локално ниво;
- поттикнување на волонтерство, младински активизам и младинската работа и
- поттикнување на личен, професионален и социјален развој кај младите.

Согласно истиот закон, Советот на Општина Валандово на 44 (четириесет и четвртата) редовна седница одржана на ден 26.02.2021 година донесе Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина валандово со број 08-16/6, со тоа што одлуката за формирање на Локален младински совет (ЛМС) ја усогласи со новиот Закон за младинско учество и младински политики за да може да отпочне процесот на формирање на ЛМС.

Процесот на информирање на младите за нивните права и обврски за учество се одвиваше преку службеникот за млади во Општина Валандово, споделување на информации на социјалните мрежи, локалните медиуми, одржување на младинска инфо сесија и други начини на информирање пред и во

текот на објавување на јавните повици за членство во Иницијативен одбор (ИО), Локално собрание на млади (ЛСМ) и Локален младински совет (ЛМС) на Општина Валандово.

## 2. Иницијативен одбор (ИО)

Иницијативниот одбор се формира само за одржување на конститутивното Локално собрание на млади (ЛСМ) и е составен од младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои се активни на територијата на општина Валандово.

На 09.07.2021 година, Општина Валандово распиша јавен повик, со број 09-591/1, за формирање на иницијативен одбор за конституирање на Локално собрание на млади на Општина Валандово кој траеше 10 дена, односно до 19.07.2021 година, (https://www.valandovo.gov.mk/Општини/Проекти/Новости/2021/Известување_до_граѓани/Јавен_повик_ИО_ЛМС.aspx) на кој свои одлуки за номинација поднесоа 3 (три) организации од кои сите 3 беа уредни, со тоа што службеникот за млади во Општина Валандово му предложи на градоначалникот да донесе решение за формирање на иницијативен одбор за конституирање на Локално собрание на млади на Општина Валандово.

Според тоа, иницијативниот одбор го сочинуваат следните членови, предложени и номинирани од соодветните организации:

### ЧЛЕНОВИ НА ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР ЗА КОНСТИТУИРАЊЕ НА ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Реден број | Име и презиме | Функција | Назив на организацијата | Облик на организацијата |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Софија Гетова | Член | Здружение „Колектив Зет“ - Скопје | Младинска организација |
| 2 | Драган Митев | Член | Здружение „Еко Правда“ - Валандово | Младинска организација |
| 3 | Марија Илиевска | Член | Здружение „Свет на промени“ - Валаандово | Младинска организација |

## 3. Локално собрание на млади (ЛСМ)

Според законот за младинско учество и младински политики, локалното собрание на млади го сочинуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои се активни на територијата на општина Валандово.

Иницијативниот одбро за конституирање на Локално собрание на млади распиша јавен повик, со број 09-591/7, за членство во локалното собрание на млади на општина Валандово, кој траеше од 29.07.2021 година па се до 06.08.2021 година, (https://www.valandovo.gov.mk/Општини/Проекти/Новости/2021/Известување_до_граѓани/Јавен_повик_ЛСМ.aspx) на кој свои одлуки за номинација поднесоа 5 (пет) организации од кои сите 5 беа уредни, со што иницијативниот одбор му предложи на градоначалникот да донесе решение за формирање на Локално собрание на млади на Општина Валандово.

Според тоа, локалното собрание на млади на општина Валандово го сочинуваат следните делегати/ки и заменик-делегати/ки, предложени од соодветните организации, со мандат од 2 години:

### СПИСОК НА ЧЛЕНОВИ - ДЕЛЕГАТИ И ЗАМЕНИЦИ-ДЕЛЕГАТИ НА ЛОКАЛНОТО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Реден број | Име и презиме | Функција | Назив на организацијата | Облик на организацијата |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Софија Гетова | Делегатка | Здружение „Колектив Зет" - Скопје | Младинска организација |
| 2 | Гоги Тунгелов | Заменик-делегат | Здружение „Колектив Зет" - Скопје | Младинска организација |
| 3 | Драган Митев | Делегат | Здружение „Еко Правда" - Валандово | Младинска организација |
| 4 | Бојан Николов | Заменик-делегат | Здружение „Еко Правда" - Валандово | Младинска организација |
| 5 | Марија Јосифовска | Делегатка | ЛК СДММ Валандово | Политички подмладок |
| 6 | Мартина Маркова | Заменик-делегатка | ЛК СДММ Валандово | Политички подмладок |
| 7 | Марија Илиевска | Делегатка | Здружение „Свет на промени" - Валандово | Младинска организација |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8 | Драгана Гегова | Заменик-делегатка | Здружение „Свет на промени“ - Валандово | Младинска организација |
| 9 | Драгана Занова | Делегатка | Здружение „Младински Сојуз“ - Крушево | Организација за млади |
| 10 | Софија Николова | Заменик-делегатка | Здружение „Младински Сојуз“ - Крушево | Организација за млади |

## 4. Локален младински совет (ЛМС)

Локален младински совет на Општина Валандово претставува тело на локалната самоуправа кое го сочинуваат млади претставници на различни форми на организирање во општина Валандово, кое има советодавна и застапувачка улога за прашањата од младински интерес кон локалната самоуправа.

Во ЛМС може да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување со свои претставници т.е. членови. Според Законот за младинско учество и младински политики и според Статутот на Општина Валандово, ЛМС на Општина Валандово брои 5 членови.

Локалното собрание на млади на Општина Валандово на својата 1 (прва) седница донесе одлука за објавување на јавен повик, со број 09-591/18, за пријавување на кандидати за членови на Локален младински совет на Општина Валандово,
https://www.valandovo.gov.mk/Општини/Проекти/Новости/2021/Известување_до_граѓани/Јавен_повик_ЛМС.aspx , кој беше активен 10 дена, од 10.09.2021 година до 20.09.2021 година вклучувајќи го и денот на завршување на повикот.

Според јавниот повик, до Општина Валандово пристигнаа вкупно 5 (пет) пријави за кандидати за членови на Локалниот младински совет на Општина Валандово и сите 5 беа уредни.

На својата 2 (втора) седница, ЛСМ на Општина Валандово донесе одлука за избор на членови на ЛМС на Општина Валандово според која како членови се избрани следните кандидати:

Општина Валандово
Република Северна Македонија

# ЧЛЕНОВИ НА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Реден број | Име и презиме | Функција | Назив на организацијата | Облик на организацијата |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Марија Илиевска | Член | Здружение „Свет на промени" - Валандово | Младинска организација |
| 2 | Гоги Тунгелов | Член | Здружение „Колектив Зет" - Скопје | Младинска организација |
| 3 | Габриела Костевска | Член | Здружение „Младински Сојуз" - Крушево | Организација за млади |
| 4 | Бојан Николов | Член | Здружение „Еко Правда" - Валандово | Младинска организација |
| 5 | Драган Митев | Член | Здружение „Еко Правда" - Валандово | Младинска организација |

**5. Верификација на мандати на членови на ЛМС**

Врз основа на член 18 став 5 од Законот за младинско учество и младински политики и член 43-в став 6 од Статутот на Општина Валандово, мандатите на членовите на Локалниот младински совет се верификуваат од страна на Советот на Општина Валандово, по добиена одлука за избор на членови од страна на Локалното собрание на млади на Општина Валандово.

Во прилог на оваа информација се доставува и Одлуката за избор на членови на Локален младински совет на Општина Валандово, со број 09-591/27, донесена на 2 (втората) седница на Локалното собрание на млади на Општина Валандово одржана на 14.10.2021 година.

Службеник за млади
во Општина Валандово

Владимир Лазов